Бр./Nr 12-136/1

11-01-2021

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција доставена од непознат подносител – физичко лице, на 45-та седница, на продолжението на седницата одржано на ден 30 Декември 2020 година донесе

## Одлука

Постапката покрената по пријавата бр. 12-5842/1 од 31.12.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител - физичко лице, со која се укажува на сомневања за сторени незаконитости и злоупотреби на службената положба од страна на службеното лице ---------------------------- - поранешен Министер -------------------------- во Владата на Република Северна Македонија за кои се наведува дека се сторени при вршењето на функцијата Министер во тоа Министерство на Република Северна Македонија СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-5842 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-5842/1 од 31.12.2019 година.

Предметот со број 12-5842 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12 – 5842 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-5842/1 од 31.12.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител – физичко лице.

Пријавата за овој пријавен случај содржи наводи за сторени незаконитости постапувања и злоупотреби на службената положба од страна на службеното лице ---------------- - поранешен Министер ---------------- во Владата на Република Северна Македонија во вршењето на функцијата Министер за -----------------------------.

Во постапувањето по предметната пријава, заради целосно утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите од истата од аспект на нивната веродостојност и основаност Државната комисија презема процесни дејствија – достава на барање за податоци, информации и документација од Министерството ------------ од аспект на наводите за коруптивни однесувања и/или судир на интереси поодделно, па имено за непреземањето на мерки за спречување на коруптивни дејанија и судир на интереси во рамки на Министерството; работно ангажирање и исплати на надоместоци по тој основ на посочени лица – пензионирани/поранешни вработени во Министерството; работното ангажирање на лице син на вработена во Министерството; влијанија на поранешниот министер при вработувања на посочени лица блиски на --------------------- или на ------------- блиски соработници; начинот и критериумите по кои во периодот 2017-2019 година одредени, точно посочени лица во пријавата, биле наградени со бонус по спроведеното годишно оценување ; службените патувања и сите останати наведени случаи на незаконско постапување.

Од содржината на одговорот и произнесувањето на Министерството --------------------- доставени до Државната комисија за конкретниот случај Државната комисија констатира дека Министерството постапило во целост по наводите од пријавата и според барањето на Државната комисија на начин што се тие проверени и образложени, односно придружени со соодветна документација со која располагало ова Министерство.

Така, по однос на работното ангажирање и исплати на надоместоци по тој основ, на посочени лица – пензионирани/поранешни вработени во Министерството, Министерството појаснува, со документација во прилог, дека се тоа лица кои биле вработени во истото до остварување на право на старосна пензија и дека биле работно ангажирани и по пензионирањето – во 2019 година со договор за дело и согласно позитивните законски прописи од аспект на пропишаниот процент – 1% од вкупниот број на вработени на крајот на претходната година, односно не повеќе од три лица во институциите во кои вкупниот број на вработени е 300 лица. Потребата за ангажирање на овие лица се темели на нивното долгогодишно искуство во ова Министерство се до обезбедување на соодветни човечки ресурси за непречено функционирање на Министерството при што се наведува и дека едно од ангажираните лица, во одреден период ангажирањето по основ на договор за дело го има реализирано без надоместок.

По однос на работното ангажирање на лице син на вработена во Министерството, од Министерството се појаснува, со документација во прилог, дека се работи за лице ангажирано во проектна единица на Светска Банка и според тоа истото е избрано за позицијата асистент согласно со процедурите на Светска банка, како најквалификуван од три пријавени кандидати и во постапка во која Министерот не учествува.

По однос на влијанијата на ----------------------- при вработување на поименично посочени лица - блиски лица на ------------------ или на ---------------- блиски соработници, Министерството се произнесува, со документација во прилог, на начин што ги презентира вработувањата во посочениот период нагласувајќи дека се истите, во сите фази на постапката, спроведени со објава на јавен оглас и понатаму, согласно со Законот за административни службеници и со почитување на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Воедно дадени се аргументи и за законито постапување при постапка на унапредување на едно лице кое во ова Министерство работело повеќе од 13 години на позицијата советник и кое било единствен пријавен кандидат на согласно законот објавениот интерен оглас, како и дека при унапредувањето, односно и при вработувањата одлуките за избор на кандидати биле/се донесени од Државниот секретар во ова Министерство и без влијание од поранешниот министер ----------------------.

Министерството --------------, во детали и со прилог документација ги презентира на Државната комисија и своите образложенија и аргументи и по однос на начинот и критериумите по кои во периодот 2017-2019 година, од Министерството биле извршени исплати за успешност во работењето по спроведено годишно оценување, а и дека во 2017 година не е извршена исплата по овој основ; по однос на вработувањето во ------------ каде Министерството нема ингеренции во постапките за вработување, по однос на посочените злоупотреби при службените патувања и редоследно по сите останати наводи од пријавата .

Од сите прибавени и расположиви информации за овој пријавен случај, со оглед на произнесувањето на Министерството ------------ и сите приложени списи и документација Државната комисија констатира дека наводите и сомневањата изнесени од подносителот на пријавата не се потврдуваат и се неосновани од кои причини Државната комисија констатира дека нема основ и елементи за понатамшно надлежно постапување по овој пријавен случај.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 30 Декемнври 2020 година под бр. 12- 136/1**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

Изработил: Х.М., Советник

Одобрил : м-р Шемши Салаи , Член на ДКСК

Доставено до :

- Архива
- Подносител